МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**756.**

Врз основа на член 16-6 став 1 алинеја 4 од Законот за лизинг („Службен весник на Република Македонија" бр.04/2002, 49/2003, 13/2006 и 88/2008) минисхерот за финансии, донесе

## РЕШЕНИЕ ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ВРШЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ

1. Се одзема Дозволата за вршење финансиски лизинг бр. 12-14566/2 од 15 јуни 2009 година издадена од Министерството за финансии на Друштвото за трговија и услуги МИКРО КРЕДИТ ЛИЗИНГ СОСИЕТИ ДОО Скопје, ул. „Вељко Влаховиќ" бр. 26, Скопје, со единствен матичен број на субјектот 6409431.

2. Ова решение се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 12-34012/5
3 декември 2009 година
Скопје

Заменик на претседател
на Владата и министер
за финансии,
м-р Зоран Сl аврески, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

**757.**

Врз основа на член 25 став (4) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување („Службен весник на Република Македонија" бр. 161/09), министерот за животна средина и просторно планирање донесе J^,—ч

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ПОСТАПУВААТ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ, ПРОИЗВОДИТЕЛИ И САМОСТОЈНИ ПОСТАПУВАЧИ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ, НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПОТВРДАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА САМОСТОЕН ПОСТАПУВАЧ СО ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за водење на евиденција на правни лица кои постапуваат со отпад од пакување, производители и самостојни постапувачи со отпад од пакување (во понатамошниот текст евиденција), начинот на водење на евиденција како и формата и содржината на образецот на потврдата за регистрација на самостоен постапувач со отпад од пакување.

Член2

(1) Евиденцијата се води за правни лица кои постапуваат со отпад од пакување, производители и самостојни постапувачи со отпад од пакување.

(2) Правните лица кои постапуваат со отпад од пакување се запишуваат во евиденцијата со денот на добивање на дозвола за постапување со отпад од пакување.

(3) Производителите се запишуваат во евиденцијата со денот на доставување на список со назив седиште и адреса на правно или физичко лице од страна на правното лице во чие име и за чија сметка ќе постапува со отпадот од пакување.

(4) Производителите кои самостојно обезбедуваат постапување со отпадот од пакување што го создаваат, се запишуваат во евиденцијата со денот на добивање на дозволата за постапување со отпад од пакување, за што им се издава потврда.

(5) Формата и содржината на образецот за водење на евиденција е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

(6) Формата и содржината на образецот на потврдата од став (4) на овој член е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Евиденцијата се води во електронска форма. Секоја промена на податоците се запишува во евиденцијата.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 07- 3084/1
17 март 2010 година
Скопје

Министер за животна средина
и просторно планирање,
д-р Нецати Јакупи, с.р.

Прилог1

Евиденција на правни лица кои постапуваат со отпад од пакување, производители и самостојни постапувачи со отпад од пакување.

| РБ | Назив седиште и адреса на правното лице/физичко лице | Датум на издавање на дозволата | Име на дозволата/ дополна /промена , | Видови на отпад од пакување согласно дозволата | Датум на дополна/ промена на дозволата | Постапување со отпад од пакување | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | 7а Во правно лице за постапување со отпад од пакување /назив | 7б Самостоен постапувач со отпад од пакување | 7в Производител |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | | |
| 1. | | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | | |

Забелешка: Во колона 7 за производителите се обележува колоната 7в и колоната 7а или 7б зависно од начинот на кој се обезбедува постапувањето со отпадот од пакување.

Прилог2

Врз основа на член 24 став (3) од Законот за управување со пакување и отпад од пакување ("Службен весник на Република Македонија" број 161/09), Министерството за животна средина и просторно планирање - Управа за животна средина на Република Македонија издава

**Потврда за регистрација на самостоен постапувач со отпад од пакување**

Производителот____________________(назив, ако се работи за физичко лице трговец поединец име и презиме, седиште и адреса, дејност, број на деловниот субјект) е регистриран во евиденцијата на правни лица за постапување со отпад од пакување, призводители и самостојни постапувачи со отпад од пакување под реден број_______за самостоен постапувач со отпадот од пакување со дозвола за постапување со отпад од пакување_________(број и датум на издавање на дозволата) за видот на отпад од пакување согласно дозволата.

потпис на одговорно лице

Место и дата на издавање

печат